

На еден поинаков начин во петок на 8-ми март 2019 година, беше одбележан Меѓународниот ден на жената со деца од предучилишна возраст од училиштето „Розета Стоун“ заедно со членови од нивните семејства.
Настанот се одржа  во просториите на  НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, во два различни термини.
Интерактивните работилници со игри беа креативни и забавни, а за сите присутни возрасни послужија и како време и место за нивно подобро запознавање и дружење, во текот на саатите поминати со своите деца.  Моменти исполнети со песна, препознавање музика, тимска работа и предизвик за градба според пристапот на Дизајн размислување. Вистинско уживање, работа и насмевки на лицата на сите присутни.
Следат повеќе фотографии на следниот линк  https://www.facebook.com/pg/nuub.mk/photos/?tab=album&album_id=10157277536728679